## УСЛОВИ ЗА РАБОТА (TERMS OF REFERENCE)

**Информации за проектот:**

Центарот за истражување и анализи НОВУС го имплементира проектот „Иницијатива за зајакнување на демократијата: зајакнување на политичкиот ангажман и учество во Р.С.Македонија“, финансиски поддржан од NED (National Endowment for Democracy).

Предложениот проект има за цел да ја зајакне демократијата во Северна Македонија, со алатката Изборен Компас која ќе биде процес во кој ќе биде регистрација на гласачите за нивното право на глас, преку одговарање на неколку прашања за зголемување на политичкото образование и запознавање со изборниот модел со акцент ставен на младите и новорегистрирани гласачи.

Проектот има за цел исто така да ја подобри и вклученоста на младите во демократскиот изборен процес со промовирање на алатката, како и формирање на академија за политичките подмладоци.

Проектот се состои од две фази - предизборна и постизборна фаза.
Проектот првенствено ќе работи во четири од осумте региони во С.Македонија - Југоисточниот, Североисточниот, Полошкиот и Пелагонискиот регион. Овие региони се стратешко избрани за да го максимизираат влијанието на проектот и да одговорат на уникатните потреби и предизвици кои ги имаат овие области.

Преку теренски истражувачи кои ќе работат на терен во секој од наведените региони, апликацијата ќе им овозможи критички да ја оценат кандидатурата на политичките партии и претседатели и активно да се вклучат во градењето култура на граѓанска одговорност и информирано донесување на одлуки преку одговор на сет прашања/искази базирани на политичките програми за претстојните парламентарни и претседателски избори 2024. Целта е преку одговорите од прашалникот да ги позиционира корисниците на платформата за идеолошката припадност за изборите кои следат.

**Опис на работните задачи и одговорности на Експерот:**

1. Креирање на методологија за проектот и прашалникот кој ќе се користи на веб платформата www.izborenkompas.mk.
2. Креирање на сет прашања/искази за парламентарни и претседатлски избори 2024, базирани на програмите од официјалните кандидати.
3. Тестирање и надополнување на платформата со информации поврзани со изборите, според потребите на проектот.
4. Креирање на Детален извештај по обработка на финалите податоци по региони, според добиените резултати од платфорамата.

5. Да ја анализира успешноста на кампањата и платформата, да споредува, анализира и да дава препораки за подобрување на плаформата помеѓу периодот од првиот и вториот круг на избори.
6. По завршувањето на ангажманот да достави Анализа на податоци со помош на теренските работници да ги сподели нивното искуство, резултатите од прашалникот на платформата Изборен Компас, процентот на посетеност на платфромата, процентот на излезност како и  резултатите од државната изборна комисија.
7. Внимание и точност на доставување на податоците за проектот.
8. Техника на пишување и екпертиза во однос на темата.
9. Комуникација и кординација со проектниот тим.

**Експетот е потребно е да ги исполнува следниве критериуми:**

- Да е државјан на Република Северна Македонија
- Завршени додипломски студии во полето на општествени науки или сродни области на предложениот експерт/ка (завршени постдипломски и/или докторски студии ќе се смета за предност)
- Повеќе од 5 години докажано работно искуство во наведената област и подготовка на јавни политики на национално и локално ниво
- Претходно искуство во подготовка и спроведување на истражувања и анализи
- Претходно искуство во делот на пишување извештаи и обработка на податоци
- Одлични комуникациски вештини и способност за работа во тим
- Одлично познавање на македонски и англиски јазик
- Способност за извршување повеќе задачи истовремено и за испорака во кратки рокови
- Проактивност и висока исполнителност со минимален надзор
- Докажани способности за планирање и организација, и имплементација на активности од зачеток до финално известување